Врз основа на член 37-и од Законот за јавни претпријатија,(Службен Весник на РМ бр.38/96,...89/22), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/14,...159/22,225/24,242/24....144/25), член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен Весник бр. 62/05, 111/23 ...124/25) и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола, ВД Директорот на

КЈП Нискоградба Битола, објавува

Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 03/2026

За вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време за следното работно место

1. Работно место **Раководител на одделение за канализациони објекти,инсталации,улици и патишта** шифра на работно место КДР 03 05 А03 090 - 1 (еден) извршител

Општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:
-да има завршено најмалку 240 стекнати кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
-најмалку две години работно искуство во струката,од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор,односно најмалку четири години работно искуство во струката,од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор,
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок, полното работно време изнесува 40 часа неделно, работното време започнува во 7,00 часот и трае до 15,00 часот, паричниот износ на основната плата за работното место е 43.198,00 нето денари, плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоа година работен стаж.

Предвидени вработувања според Годишниот план на институцијата за 2026 година се 1(еден) извршител.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во ЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15(петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

-Уверение за државјанство
-Извод од матична книга на родени,
-Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија,дејност или должност,
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба (издадена од Медицина на труд),
-диплома за завршено соодветно образование,
-Потврда за работно искуство,
-Пополнета пријава објавена на веб страната на КЈП Нискоградба Битола.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на КЈП Нискоградба Битола https//www.niskogradbabt.mk, а ќе можат да се подигнат и од архивата на КЈП Нискоградба Битола секој работен ден од 7,00-15,00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под морална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација кандидатите се должни да ги достават во КЈП Нискоградба Битола, на ул. Булевар 1-ви Мај бб. 7000 Битола, лично или преку пошта.

КЈП Нискоградба Битола
ВД Директор
Зоран Талевски